РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.09.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 16 | | |

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# БАРАЊЕ

Од

Барам од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги соодветно да го санкционира **ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје** за прекршување на членовите 17 и 21 од Правилникот за заштита на малолетници (Сл. весник 172/2014).
Во членот 17 пишува: „Втора категорија: Дозволено е умерено прикажување насилство, но, **без детали на суровост**, оправдано во заплетот на сценариото, **без да се нагласува присуството на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка**". ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје го прекрши овој член од Правилникот минимум во два наврати:

- **на 11.IX 2024 во 00:00 ч. (или на 10.IX 2024 во 23:59 ч.)**, кога при емитувањето на серијалот „Итна служба" (911) на екранот беше видлив визуелниот знак за **втората категорија** на програми, иако пред почетокот на емитувањето предупредувањето беше од третата категорија. Тоа значи дека епизода во која едно лице беше запалено живо беше означена како од втора категорија сè до паузата за реклами, кога го замени знакот со „12+". Истото го повторија и на 24.IX 2024 во 00:00 ч. (или на 23.IX 2024 во 23:59 ч.).
- **на 11.IX 2024 околу 01:30 ч.,** веднаш по емитувањето на репризата од „Сè или нешто" (која почна во 00:50 ч.), емитувана беше реприза од серијалот „Полициска крв" (Blue Bloods), исто со предупредување од трета категорија (12+), но визуелниот знак во аголот од екранот беше оној од првата категорија (не беше сменет по „Сè или нешто").
- **на 18.IX 2024 во 21:15 ч.**, кога епизода од серијалот „Приказната за Севда" во беше означена како од втората категорија и покрај сцените со **огнени престрелки** (во членот 17 јасно пишува дека не е дозволено нагласувањето на употреба на вистинско оружје кај втората категорија програми).

ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје пактивно го прекршува и членот 21 од Правилникот, кој радиодифузерите ги обврзува за втората категорија програми да користат визуелен знак во форма на жолт круг со „8+" во него, но ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ користи визуелен знак во форма на жолт круг во кој отсуствува возраста, симбол од стариот правилник (Сл. весник 21/2007) кој повеќе не е на сила. **Почитувањето на овој член е важно за далтонистите кои потешко ги разликуваат жолтата и зелената боја (од знакот за првата категорија).**

Како доказ приложувам линковска врска до екрански сники од епизодите од гореспоменатите серијали: https://sites.google.com/view/dokazi/

Скопје, 24.IX 2024

Ве молам, не земајте го предвид барањето испратено на 19.IX 2024 г. и постапувајте според ова барање.